# Продавница

Еден простор, многу начини за одржливо пазарење

## Клучни зборови:

одржливост, продавница, без отпад, бавна мода, половна облека, локална храна, поправка, повторна употреба, заедница

## Целна група:

ученици од основно училиште (возраст 6-11 години).

## Цели:



одговорна, креативна и заедничка активност.
Учениците ќе научат за различни видови одржливи продавници − како продавници без отпад, бутици за бавна мода, пазари со половна облека, продавници со локална храна и простори за поправка − и како секоја од нив придонесува за поздрава планета и поправедно општество.
На крајот од активноста учениците ќе ги разберат принципите на етичка потрошувачка и циркуларна економија и ќе видат како една продавница може да направи голема разлика.

## Насоки за распределба на времето:

Времето потребно за спроведување на оваа активност може да варира во зависност од конкретната група на деца. Наставниците се охрабруваат да ја приспособат реализацијата според потребите, интересите и динамиката на групата.
Во подготвителната фаза наставниците може да користат разни активности за да ја воведат и контекстуализираат избраната тема. Овие активности можат да вклучуваат дискусии, видеа, цртежи, раскажување приказни или дури и теренска посета, во зависност од возраста и претходното знаење на учениците.
Главната фаза на изработка, во која децата го планираат и го градат својот урбан елемент користејќи лего-коцки, не треба да трае повеќе од 45 до 60 минути.
Сепак, оваа фаза често поттикнува понатамошно љубопитство и прашања кај децата, што може да доведе до продолжена вклученост или дополнителни активности.
За подетални инструкции и педагошка поддршка за тоа како да се спроведуваат активностите на INNO-kids проектот, ве молиме преземете го Методолошкиот водич за наставници.

## Потребни материјали и ресурси:

- Лего-коцки од различни типови;
- Хартија, фломастери, восочни бои, дрвени боици;
- Ножици и лепило;
- Рециклирани материјали како пластични шишиња, капачиња, ткаенини, ролни од тоалетна хартија или амбалажа;
- Природни материјали: гранчиња, кора од дрво, лисја, мали камчиња;
- Таблички и ознаки: „Секонд хенд“, „Зона за поправка“, „Полица за размена“, „Локални производи“, „Бавна мода“ и сл.;
- Слики од одржливи продавници;
- Играчки-парички.

*Забелешка: Охрабрете ги учениците креативно да ги пренаменат достапните материјали. Доколку лего-коцки не се достапни, децата можат да користат основни материјали за изработка на модели или цртежи.*

## Вовед:

Започнете со едно едноставно прашање:
„Каков вид продавница им помага и на луѓето и на планетата истовремено?“
Објаснете дека многу продавници денес продаваат брзи, евтини и претерано спакувани производи. Но, некои продавници се поразлични − тие се грижат од каде доаѓаат производите, колку долго траат и колку отпад создаваат.

Претставете им на учениците различни типови одржливи продавници:

- Продавници без отпад (zero-waste), каде што се дополнуваат сопствените садови.
- Продавници за бавна мода што продаваат етичка облека.
- Секонд хенд или продавници за размена на играчки, книги, облека.
- Продавници за локална храна − домашно направени или локално одгледани производи.

Ремонт-кафулиња и заеднички работилници каде што работите се поправаат наместо да се фрлаат.

# Постапка:

**Подготовка:**
Започнете со објаснување дека не е важно само што се продава, туку и како се чувствуваат луѓето кога влегуваат во таа продавница.
Поставете прашања како:

- „Дали некогаш сте биле во продавница каде што сте се чувствувале пријатно и добредојдено?“
- „Што ја направи таа продавница пријатна − боите, мирисот, луѓето, музиката, распоредот?“

Објаснете им дека денес секоја група ќе избере еден тип одржлива продавница и ќе направи модел што ги претставува и мисијата и атмосферата на продавницата.
Охрабрете ги учениците да размислуваат како дизајнери на продавници: Не само што се продава, туку како просторот помага луѓето да се чувствуваат спокојни, инспирирани, почитувани или љубопитни.

**Изработка**
Учениците создаваат детален модел на типот на продавница кој го избрале користејќи лего, рециклирани и/или природни материјали. Треба да размислат да вклучат:

- Влезна врата со име, лого или натпис;
- Јасно дизајниран внатрешен распоред – полици, станици за дополнување, работни маси за поправка, седишта;
- Одредени производи или алатки, претставени со лего-или мали предмети;
- Човечка нота – пријателски продавачи направени од лего или фигури од хартија.

**Дополнително (по избор):** музика, светилки, детско катче, табла за заедница, приказни на картички итн.
Охрабрете ја секоја група да размисли за:

- **Пристапност** (рампи, широки патеки).
- **Инклузивност** (знаци на повеќе јазици или со симболи).

**Детали**
Додека моделите се оформуваат, охрабрете ги учениците да се фокусираат не само на изгледот, туку и на тоа како го чувствуваат просторот.
Поставете прашања како:

- Би сакале ли да поминете време во оваа продавница?
- Што порачува оваа продавница – за околината, за луѓето, за производите?

Учениците можат да додадат декоративни или интерактивни елементи:

- Рачно нацртани постери;
- Ценовници со пораки („поправено со љубов", „локален мед од фармата на нашиот сосед");
- Мали „приказни" залепени на донирани предмети.

Целта е да се покаже дека одржливоста не се однесува само на тоа што купуваме, туку и на тоа како се грижиме едни за други и за нашето опкружување.

**Приказни**
Поканете ги учениците да измислат приказна за некоја личност која ја посетува нивната продавница.
Може да биде редовен купувач кој сака да си поразговара со вработените, некој што учи како да си ги поправи слушалките или дете кое носи играчки за донација.
Приказната може да прикаже мал гест на добрина или дури лична промена.

**Презентација**
Секоја група ја презентира својата продавница пред класот.
Тие објаснуваат:

- Каков тип продавница создале.
- Зошто го избрале токму тој тип на одржлив бизнис.
- Што ја прави продавницата и функционална и гостопримлива.
- Како нивниот дизајн ги поддржува луѓето и животната средина.

Охрабрете ги другите ученици да поставуваат прашања и да споделат што им се допаднало.

## Совети:

- Охрабрете ги учениците да размислуваат за нивната продавница не само како место за купување или поправка на работи, туку и како простор каде што луѓето се чувствуваат почитувани и добредојдени. Поставете водечки прашања како: „Што би придонело некој да сака да се врати во вашата продавница?" или „Каде би седел и би се одмарал уморен клиент?"

# Дополнителни размислувања:

**Диференцијација:**
Обезбедете дополнителна поддршка или поедноставени упатства за учениците кои можеби ќе имаат потреба од дополнителна помош. За напредни ученици, понудете задачи за продолжување како што се истражување на понатамошни одржливи практики или дизајнирање покомплексни модели.

**Оценување:**
Оценете ги учениците врз основа на нивното учество и ангажман за време на дискусиите и практичните активности. Оценувајте ги креативноста, напорот, соработката, длабочината на разбирањето што го демонстрираат во нивните модели, критичкото размислување, способноста за давање конструктивен фидбек и вештините за презентација.

**Активности за проширување:**

- Дизајнирајте постер или леток за рекламирање на продавницата.
- Организирајте ден за размена во училницата или поп-ап агол за втора рака.
- Поканете некој кој води локален одржлив бизнис.



## Поврзаност со училишната програма:

Оваа активност ги интегрира:

- **Финансиска писменост** (навики при купување, вредност за парите, алтернативи базирани на заедницата, консумеризам).
- **Социјални студии** (одговорност, инклузија и етичко донесување одлуки).
- **Уметност** (дизајн, креативност, конструкција).
- **Јазик** (приказни, дискусија, вештини за презентација).

## Поврзаност со Целите за одржлив развој (SDG):

- **ЦЕЛ 8:** Достоинствена работа и економски раст – Учениците истражуваат како малите, етички продавници можат да поддржат значајна работа, праведност и локални економии.

- **ЦЕЛ 11:** Одржливи градови и заедници – Учениците дизајнираат инклузивни, пријателски за луѓето трговски простори кои ја поддржуваат благосостојбата на заедницата.



- **ЦЕЛ 12:** Одговорна потрошувачка и производство – Учениците истражуваат алтернативи за масовната потрошувачка преку дизајнирање продавници што промовираат повторна употреба, поправка и минимални отпади.

- **ЦЕЛ 13:** Акција за климатски промени – Учениците разбираат како локалното купување со низок отпад и повторна употреба го намалува емитувањето на штетни гасови и ги штити природните ресурси.

Co-funded by the European Union

Финансирано од Европската Унија. Изразените мислења и ставови се исклучиво на авторот(ите) и не мора да ги одразуваат ставовите на Европската Унија или СААИК. Ни Европската Унија ни органот што го одобрил грантот не можат да бидат одговорни за нив.